


***Гоце Фест 2012***

НЕКА ТЕЧАТ КАКО ПОТОЦИ

СОЛЗИ, СОЛЗИ РАДОСНИЦИ

ДЕНЕС ФРЛИ ШАМИЈА

МАЈКА НА ЗЕМЈА.

*

СИНОЈ ШТО РОДИЛА

СИНОЈ ШТО ГИ ДОЕЛА

ДЕНЕС ГИ ПРЕГРНА

МАЈКА ИЗМАЧЕНА.

***

АЈДЕТЕ БРАЌА ВАРДАРЦИ

ПИРИНЦИ, ЕГЕЈЦИ

ВИКНЕТЕ ПЕСНА НАШИНСКА РЕФРЕН

ПЕСНА МАКЕДОНСКА

***

НЕКА ТЕЧАТ КАКО ПОТОЦИ

СОЛЗИ, СОЛЗИ РАДОСНИЦИ

ДЕНЕС ВАРДАР ПИРИН ЕГЕЈ

СЛАВАТ ПРЕГРНАТИ.

*

ВИТА ЕЛА ПИРИНСКА

НЕБОТО ГО ДОПРЕЛА

ВОДИТЕ БЕЛОМОРСКИ

ВАРДАР ЌЕ ГИ НАПОЛНИ.

.

*м. Љупчо Соколовски*

*т. Бранко Николовски*

*а. Љупчо Соколовски*

*исполнуваат : Боби Анде – Јованка Митревска*